# Годишен извештај за работата на Локален младински совет на Општина Крива Паланка за 2025 година

Локалниот младински совет (ЛМС) на Општина Крива Паланка во текот на 2025 година активно работеше на унапредување на положбата на младите во општината, нивно информирање, едукација и вклучување во процесите на донесување одлуки. Во соработка со Општина Крива Паланка, младински организации и меѓународни партнери, беа реализирани значајни проекти за јакнење на капацитетите на ЛМС, промовирање на младинскиот активизам, заштита на животната средина и поддршка на младинските иницијативи.

На почетокот на 2025 година, беа реализирани повеќе работни средби, врз база на кои беше промовирана улогата и работата на ЛМС и воспоставена соработка општинската администрација и другите општински тела. Младите членови од Локалниот младински совет активно се вклучија во организацијата и реализацијата во одбележувањето на верските празници Бадник и Водици, заедно со општинските тимови за имплементација на настаните.

Преку панел дискусијата насловена ,,Младински политики", членовите од советот испратија силна порака до младите која гласи: *,,Младите имаат што да кажат и треба да бидат дел од процесите на одлучување – не утре, туку денес"*. Покрај претходно споменатата панел дискусија, членовите беа дел од повеќе ефективни и продуктивни панел дискусии на теми млади – нивната позиција во општеството, младински иницијативи и активизам, на кои членовите на Локалниот младински совет ја истакнаа важноста на младинското учество и се залагаа за тоа гласот на младите да биде слушнат и вклучен во креирањето на локалните политики.

Во месец август во организација на младите беше реализиран меморијален турнир во футсал во чест на Борјанчо Мицевски, како симбол на почит, благодарност и трајно сеќавање на неговото дело и ангажман.

Во текот на годината беше реализирана и филмска вечер во Europe House Крива Паланка, организирана од страна на Локалниот младински совет, како дел од активностите за унапредување на културниот живот и активното учество на младите во заедницата.

Беше воспоставена директна соработка и средба со Локалниот младински совет од Кочани, при што претставниците од двата совета се состанаа и договорија реализација на идни заеднички активности, средби и проекти.

Преку проектот Interreg, беше остварена соработка со партнери од Република Бугарија, при што активностите се реализираа во Ќустендилскиот театар, со цел јакнење на прекуграничната соработка и размена на искуства. Млади лица од Крива


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

Паланка беа директни учесници во одбележувањето на 35 години од постоењето на Интеррег програмата за прекугранична соработка, на настан што се реализира во Општина Ќустендил.

По повод 3 Декември – Меѓународниот ден на лицата со попреченост, членовите на Локалниот младински совет го посетија Центарот за лица со попреченост, при што ја истакнаа важноста на инклузијата, солидарноста и еднаквите можности за сите граѓани.

Во текот на годината, младите учествуваа и во повеќе други проекти и активности од различни области, со цел унапредување на младинското учество и развој на локалната заедница, при што континуирано се залагаат за реализација на уште вакви иницијативи и во иднина.

Преку својата работа, членовите на Советот активно ги мотивираат и охрабруваат останатите млади да се вклучат во младинскиот активизам, да бидат дел од процесите на донесување одлуки и да придонесат кон создавање на поактивна, одговорна и инклузивна младина.

Со континуиран ангажман, соработка и посветеност, Локалниот младински совет претставува значаен фактор во промоцијата на младинските интереси и во јакнењето на граѓанската свест во заедницата.

**Изработил:**
Михаела Јанковска
Претседател на Локален младински совет
при Општина Крива Паланка


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка